# З А П И С Н И К
# од 412-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Седницата се одржа на ден: 17.08.2022, среда во 12:15 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Павлина Црвенковска**, претседател
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател
- **Ханиф Зендели**, член
- **Мери Радевска**, член
- **Лорета Горгиева**, член
- **Сашко Георгиев**, член
- **Мирсад Суроји**, член
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член
- **м-р Миљазим Мустафа**, член
- **Весна Дамева**, член
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд

Отсутни членови:

- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секратар
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник
- **Александра Шоптрајанова,** самостоен референт

Седницата е отворена за јавноста и на неа присуствуваа:

- Претставник од **Институт за човекови права**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Павлина Црвенковска.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 412-та седница.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по предлог Дневниот ред.

Откако констатира дека никој не се јави за збор претседателот на Советот Павлина Црвенковска предлог Дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Одлучување по приговори од кандидати по објавени кандидатски листи за кандидати од апелационо подрачје Скопје и апелационо подрачје Гостивар и утврдување на кандидатски листи за избор на членови на Судскиот совет на РСМ и

2. Разно.

**Точка 1**

(Одлучување по приговори од кандидати по објавени кандидатски листи за кандидати од апелационо подрачје Скопје и апелационо подрачје Гостивар и утврдување на кандидатски листи за избор на членови на Судскиот совет на РСМ)

#По повод 1-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека согласно чл. 9 ст. 1 ал. 1 од Законот за Судски совет објавен е оглас за избор на членови на Судскиот совет, и тоа еден член од редот на судиите од Апелационото подрачје Скопје, еден член од редот на судиите на Апелационото подрачје Гостивар и еден член од редот на судиите од Врховниот суд, кој оглас е објавен во Службен весник на РСМ. Во огласот е наведено кој судија може да се пријави согласно условите од чл. 11 од Законот за Судскиот совет и што треба да поднесат кандидатите кон кандидатурата. Укажа дека Судскиот

совет на седница на 21.07.2022 година формира Комисија за подготовка на кандидатските листи, која Комисија на одржаната седница на 11.08.2022 година, а по извршена проверка на целокупната документација сочини Записник и изготви Кандидатски листи и тоа Општа листа за кандидат од Врховниот суд - Мирјана Радевска Стефкова, судија на Врховниот суд, Општа листа за кандидати од Апелационото подрачје Скопје и Управните судови - нема кандидат и Општа листа за кандидат од Апелационото подрачје Гостивар - Љупчо Сприоски, судија на Основен суд Тетово, кои листи се објавени на веб страната на Судскиот совет.

Посочи дека по објавувањето на листите во законски предвидениот рок од чл. 13 ст. 4 од Законот за Судски совет доставени се приговори од кандидатите Зоран Герасимовски, судија на Апелационен суд Скопје и Ивица Николовски судија на Основниот суд Тетово.

Нагласи дека Зоран Герасимовски во приговорот наведува дека Комисијата за подготвување на кандидатски листи сторила суштествена повреда на одредбите на постапката со која е регулиран изборот на член за Судскиот совет. Дека погрешно ја утврдила фактичката состојба и погрешно го применила материјалното право. Судијата се повикува на чл. 11, 12 и 13 од Законот за Судски совет. Судијата посочува дека кандидатурата е доставена со прилог сите докази со коишто ги исполнил условите од чл. 11 од Законот и дека евентуално ако не е доставен некој доказ за некој од податоците од чл. 12 ст. 2 од Законот за Судски совет што согласно чл. 13 ст. 2 од Законот не е законска причина за отфрлање на кандидатурата. Судијата нагласува дека никаде во законот не е пропишано дека недоставувањето на некој од податоците значи нецелосност или неуредност на пријавата и дека Комисијата не земала предвид дека обрската на судиите во учество во стручна и професионална едукација во Академијата за обука на судии и јавни обвинители е на годишно ниво и истата треба да се исполни за секоја година поодделно зависно од должината на судискиот стаж на секој судија почнувајќи од 01.01. заклучно со 31.12. Судијата со оглед дека во моментот на поднесувањето на кандидатурата месец јули за тековната година не учествувал на стручна и професионална едукација организирана од Академијата истиот од тие причини не доставил и потврда. Судијата предлага Судскиот совет да ја укине донесената одлука на Комисијата заради повторна оценка на уредноста на пријавата на кандидатурата.

Напомена дека Ивица Николовски во приговорот наведува дека Комисијата за подготвување на кандидатските листи сторила суштествена повреда на одредбите на постапката со кој се

регулира изборот за член на Судскиот совет. Дека погрешно ја утврдила фактичката состојба и погрешно го применила материјалното право. Судијата во таа насока ги посочува чл. 11,12 и 13 од Законот за Судски совет и наведува дека Комисијата има надлежност да проверува и утврдува само навременост на доставените кандидатури и дали кандидатите ги исполниле условите од чл. 11 од Законот. Судијата нагласува дека од негова страна како апликант е поднесена кандидатура во целост согласно законот. Предлага Судскиот совет да ја укине донесената одлука на Комисијата заради повторна оценка на уредноста на кандидатурата.

Додаде дека во дополнениото што го поднесува судијата Ивица Николовски смета дека е направен превид или евентуален технички пропуст при разгледување на приложената документација со што му е скратено правото да учествува во изборот по објавениот оглас. Судијата бара да биде преиспитана одлуката на на Комисијата и постапувањето на Комисијата. Судијата очекува правно издржана одлука со можноста да учествува во изборот за член на Судскиот совет.

Во продолжение претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека со приемот на кандидатурите и пријавите и почетокот на седницата, Комисијата се впушти и најнапред утврди дали сите четири пријави, за кои е констатирано дека се стигнати за предметниот оглас за избор на членови на Судскиот совет објавен во Службен весник бр. 163/22, дали предметните пријави се навремени.

Укажа дека откога Комисијата констатира дека сите пријави се навремено доставени, во рамките на рокот даден во огласот, се помина наредно кон разгледувањето на поединечните пријави на секој кандидат посебно.

Посочи дека прв кандидат чија пријава со доставени документи е земена за разгледување е пријавата на подносителот на приговорот судијата Зоран Герасимовски, нареден судијата Ивица Николовски, Мирјана Радевска Стефкова и наредниот кандидат Љупчо Спироски. Во делот при првото разгледување на пријавата и документите, во моментот кога од страна на приемно одделение се доставени на претседателот на Комисијата пријавите со сите документи, Комисијата директно на записник ги разгледува и се што се констатира е внесено во записник. Уште при првата пријава, при разгледување на доставените документи од страна на

кандидатот за член на Судскиот совет пријавен за кандидатура од Апелационо подрачје Скопје, Зоран Герасимовски тоа што поединечно е утврдено, секој доказ е внесен во записник. Тоа што недостасува кај кандидатот е утврдено, тоа е податок кој согласно чл. 12 ст. 2 ал. 4 - податоци за учество во едукација од Академија за судии и јавни обвинители како задолжителен документ кој согласно наведениот член треба кандидатот да го достави прилог кон пријавата. Со оглед на фактот да во доставените документи недостасуваше наведениот документ прво што е пристапено е кон проверка од страна на Комисијата да не случајно во самиот оглас има пропуштено и таквиот податок не е внесен. Откога е констатирано дека нема пропуст во поглед на Огласот кој од страна на Судскиот совет е објавен и на веб страната и наредно објавен во Службен весник бр. 163/22 од 20.07.2022 година, понатаму е констатирано дека и во самата пријава кандидатот не го наведува податокот. Наредно, за секој кандидат посебно се пристапи кон разгледување на комплетноста на документите кои согласно чл. 12 од Законот за Судски совет ст. 2 стојат како таксативно набројани документи кои кандидатот ги доставува прилог кон пријавата. Истото тоа стои и во самиот оглас на кој кандидатите се јавуваат, а тоа е потврда за судиски стаж, податоци за стручен и професионален развој, оценки за резултатите од работењето издени од Советот, податоци за учество во стручна и професионална едукација издадени од Академија за судии и јавни обвинители и изјава за која листа се пријавува. Со оглед на фактот да кај кандидатот Комисијата утврди дека недостасува наведениот документ се пристапи кон разгледување на документите на наредните кандидати. Во втората фаза за исполнување на условите од чл. 11 Комисијата застана на становиште дека нема место за разгледување понатаму на условите од чл. 11.

Нагласи дека за секој кандидат посебно се пристапи на ист начин на проверка на документите и повторно тоа што Комисијата го констатира како недостаток е утврдено истото и е ставено и нотирано на записник кај кандидатот сега подносителот на приговорот за кандидат од Апелационото подрачје Гостивар, судијата Ивица Николовски. Во дел на сите податоци, односно документи кои согласно чл. 12 ст. 2 треба да ги достави прилог кон кандидатурата и пријавата е нотирано за секој посебен документ и податок, со тоа што во делот на податокот од ал. 4 тоа што Комисијата го утврди е такаcтивно наброено и цитирано и во самиот записник е достава од страна на кандидатот на бројни сертификати за учества во обуки, во семинари на најразлични теми и се доставени сертификати од 2003 година во време кога кандидатот и

не бил судија, до сертификати за познавање англиски јазик кој е надвор од задолжителните документи. Тоа што како податок е доставено во дел на обезбедување на документи за ал. 4 за учество или обезбедени обуки и професионална едукација преку Академијата тоа што е констатирано е дека последниот издаден сертификат (тоа се официјалните сертификати во почетните години во работењето на Академијата се издаваат за сите поминати задолжителни обуки како формални сертификати) и такви сертификати за задолжителни обуки за примена новиот ЗКП со сите модули ги поседува предметниот кандидати и истите се доставени во прилог на кандидатурата во делот на ал. 4. Меѓутоа тоа што се констатира е дека таквиот сертификат од Академијата од задолжителните обуки во конкретната материја мора да се поминат е со последна дата од 2014 година. Тоа што Комисијата го констатира е нецелосност и некомплетност во наведениот дел на документите, бидејќи и кај кандидатот недостасува документ кој ќе го потврди четвртиот задолжителен документ кој треба да го поседува и да биде прилог кон пријавата - податоци за учество во стручна и професионална едукација издадена од Академија за судии и јавни обвинители. Обуките се спроведени преку Академија, а со посредство на ОБСЕ и Амбасадата на САД. Од 2014 година, а зборуваме за Оглас за избор на член на Судскиот совет од редот на судиите за оглас објавен во 2022 година од страна на посочениот кандидат нема никаков друг доказ.

Резимираше дека со оглед на фактот да тоа што е надлежност за разлика од тоа што пишува во приговорите од кандидатите, точно е надлежност на Комисијата да ги разгледа и утврди навременоста, комплетноста, а потоа исполнувањето на условите од чл. 11 по пријавите. Со оглед на фактот да кај двајцата кандидати Комисијата утврди некомплетност на документите задолжителни за достава кон пријавата не се пристапи понатаму во наредна фаза. Тоа што се утврди кај наредните двајца кандидати е комплетност на документите, исполнување на условите и од истите причини се утврди и се објави листата онака како што е ставено и на веб страната. Бидејќи прв пат има ситуација каде што двајца кандидати Комисијата утврди дека се со некомплетни документи, иако не стои во самиот Закон, на самата веб страна со објавата на Кандидатските листи задолжително е ставено дека има право и на приговор, иако тоа стои и во Законот и нема ни обврска Комисијата тоа да го нагласува.

Додаде дека тоа е фактичката состојба која од страна на Комисијата е утврдена, а од друга страна нема да се осврне на приговорите и реториката на колегите дека Комисијата направила превид. Пропустот и превидот е на страна на колегите кои навистина требало добро да го прочитаат Огласот и Законот и документите кои треба да ги достават во прилог кон своите пријави за Кандидатска листа.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека согласно чл. 12 од Законот за Судски совет „Кандидатите за член на Советот од редот на судиите својата кандидатура ја поднесуваат писмено до Советот. Кон пријавата кандидатот доставува: потврда за судискиот стаж, биографски податоци за стручниот и професионалниот развој, оцените за резултатите во работењето издадени од Советот, податоци за учество во стручна и професионална едукација, издадени од Академијата за обука на судии и јавни обвинители и изјава за која листа се пријавува."

Истакна дека чл. 12 ст. 2 ал. 4 од Законот за Судскиот совет не е облигаторно поставен во самиот закон. Изрази дилема што во ситуацијата ако се достави потврда од Академијата дека нема податоци за учество во стручна и професионална едукација, дали Комисијата ќе го рангира кандидатот или не. Укажа дека е точно дека е наведено како законски услов за кандидатура, но толку е нејасно, толку е штуро што буквално не дава резултат. Посочи дека е нелогично како законско решение.

По однос на кандидатите што се одбиени од страна на Комисијата поради конкретната причина автоматски произлегува како правна празнина и не може да се опонира на колегите, затоа што законско е, но истовремено е и апсолутно недоречено.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека е точно дека има проблем Комисијата во однос на делот за податоци за учество во стручна и професионална едукација за обајцата колеги. Истакна дека судиите знаат дека секоја година има и задолжителна обука во Академијата за број на часови и Академијата секоја година до секој судија доставува потврда за исполнетост на тие часови. Посочи дека се работи за колеги што се повеќе од 6 години судии, тие тоа го знаат и сигурно го виделе и законот и огласот да знаат дека треба да достават податоци. Укажа дека кога Акадмијата секоја година доставува потврда за учество како судија, тоа сигурно се чува и е прилика да се употреби.

Објасни дека има и извештаи што секој судија ги пополнува електронски за дополнителни активности. Во тие извештаи за дополнителни активности се внесуваат сите обуки што судијата ги поминал. Укажа дека Комисијата проба во електронскиот систем на Судскиот совет да ги најде тие податоци, но кај двајцата судии се празни листите, бидејќи нема ништо внесено. Откако се судии тие не го внесле тој податок. Потенцира дека тоа е несериозно. Се огради од се што е пишано во дополнувањето на приговорите и не сака на тоа да одговори, меѓутоа укажа дека како судија треба секој да покаже едно ниво на сериозност.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека по однос на конкретното прашање - податоци за учество во професионална и стручна едукација коишто се издадени од Академијата, согласно чл. 13 ст. 2 од Законот за Судскиот совет „Комисијата од навремено доставените кандидатури на кандидатите кои ги исполниле условите од чл. 11 изготвува кандидатски листи и ги објавува на веб страницата на Советот.“ Имајќи ја во предвид така утврдената законска надлежност на Комисијата не може да се најде оправдување за понатамошните активности што во конкретниот случај ги презела Комисијата при ценење на комплетност или прифатливост на една навремено поднесена кандидатура на кандидат кој ги исполнува условите од чл. 11 ст. 1 од Законот за Судскиот совет. Дали покажува сериозност или не судијата не е предмет на конкретното прашање. Ако законодавецот точно ја утврдил надлежноста на Комисијата, истата треба да се држи во рамките на законски даденото овластување при вршење на својата работа и изготвување на кандидатските листи.

Наведе дека имајќи ги во предвид материјалите кои се доставени, како и Извештајот на Комисијата, а по однос на приговорите, започнувајќи прво со приговорот на кандидатот Зоран Герасимовски, бидејќи неговата кандидатура е неприфатена токму од причини што не доставил податоци коишто се наведени во чл. 12 ст. 2 ал. 4 од Законот за Судскиот совет и во самиот оглас и тоа е факт, истиот не ги доставил. Меѓутоа, ако се гледа огласот во него е наведено што треба да се достави кон пријавата и вели заинтересираните кандидати кандидатурата со прилог документи во оригинал или заверена фотокопија на нотар да ги достават до Судскиот совет на РСМ во определен рок од денот на објавување во Сл. Весник. Се поставува прашање што ако не ги достават? Тоа е прво пропуст на предметниот огласот кој бил објавен. Во огласот никаде не е наведено што ќе се прави со кандидатурите ако не бидат доставени наведените податоци, ниту пак законодавецот во

надлежностите на Комисијата предвидел дека во тој случај Комисијата при изготвување на кандидатските листи ако не бидат доставени сите прилози од чл. 12 дека ќе ги отфрли таквите кандидатури. Токму и од тие причини приговорот на кандидатот Зоран Герасимовски е основан и во конкретниот случај Комисијата постапила надвор од своите законски надлежности отфрлајќи ја кандидатурата. Дотолку повеќе што кандидатот ги доставил доказите коишто докажуваат дека ги исполнил условите од чл. 11 ст. 1 на Законот за Судски совет како облигаторен услов да може да се јави на предметниот оглас и евентуално да стане член на Судскиот совет.

Понатаму се осврна на истото прашање по однос на кандидатурата и комплетност или некомплетност на пријавата на кандидатот Ивица Николовски за кој Комисијата точно наведува какви податоци доставил по однос на конкретното прашање за неговото учество во стручна и професионална едукација издадени од Академијата. Кандидатот ги наведува поединечно сертификатите и уверинијата издадени од Акадимијата и други институции, но за истите Комисијата цени дека се недоволни и нецелосни од причина што се однесуваат за период од 2003 до 2014 година. Се наметнува како основано прашањето врз основа на која законска одредба Комисијата цени дека треба да го разгледува периодот за кој се доставени податоците кога во Законот не е наведено за кој период.

Се осврна на пријавите за кои Комисијата цени дека се комплетни по однос на конкретното прашање за останатите два кандидати, на кандидатот Љупчо Спироски и кандидатот Мирјана Радевска Стефкова коишто по однос на прилогот содржан во чл. 12 ст. 2 ал. 4 од Законот за Судски совет доставуваат потврда од Академијата во која потврда само воопштено е кажано (пример земен од пријавата на кандидатот Љупчо Спироски) „Академијата потврдува дека од 2009 година до денес учествувал во настаните организирани за стручна професионална едукација на судиите и јавни обвинители“. Праша каков податок е тоа? Дали дава доволно јасна слика каква стручна и професионална едукација имал и дали се поминати обуките? Тоа е една општа формулација која не дава ништо конкретно во однос на податоци за стручна и професионална едукација. Понатаму, во потврдата стои дека исто така е ангажиран како ментор на кандидатите од 7-та генерација слушатели на почетна обука. Тоа не е доказ, не е податок за учество во стручна едукација, тука тој се јавува како едукатор на други. Ист е случајот со потврдата на другиот кандидат Мирјана Радевска Стефкова. За нејзе периодот е од 2007 година до денес дека учествува во настаните организирани за стручна и професионална едукација, но

исто не е кажано во кои настани и не се дадени никакви податоци конкретни кога веќе се впуштила во таква анализа Комисијата, кои се тие податоци, за каква едукација станува збор, каква едукација поминал кандидатот итн.

Наведе дека клучно е даденото во Законот за Судски совет, во чл. 13 ст. 2 каде што точно е утврдена надлежноста законска на Комисијата и никој нема за право да излегува надвор од рамките на надлежностите кои ги дава Законот, во конкретниот случај Комисијата при изготвување на Кандидатските листи. Комисијата имала законско право и обврска да утврдува навременост на кандидатурите и од страна оние кандидатури на кандидатите кои ги исполнуваат условите од чл. 11 ст. 1 од Законот за Судски совет да изготви Кандидатски листи. Во конкретниот случај условите ги исполнуваат и доставуваат докази и двајцата канадидати, и Зоран Герасимовски и Ивица Николовски и истите поради тоа имаат основани приговори, бидејќи неосновано, незаконски им се отфрлени нивните кандидатури во конкретниот случај со што основано укажуваат  дека во конкретниот случај Комисијата погрешно ја утврдила по однос на конкретното прашање фактичката состојба и погрешно го применила материјалното право.

Наведе дека од друга стана има специфична работа во однос на кандидатурата на Љупчо Спироски кој во својата документација нема доставено доказ (тоа е условот што требало да биде доставен од чл. 11. ст. 1 ал. 3) дека не е изречена со правосилна одлука дисциплинска мерка - намалување на плата во висина од 15% до 30 % од месечната плата која трае во моментот на објавување на огласот. Во конкретниот случај Комисијата не ја отфрлила кандидатурата туку самата побарала (бидејќи тоа се води како евиденица во Судскиот совет) да се утврди дали го исполнува условот или не.

Наведе дека бидејќи Академијата издава потврди за исполнување на условот за податоци, Комисијата можела да ги прибави без да се прави било каква разлика во однос на ценење на кандидатурите во однос на комплетност и некомплетност на пријавите, ако сметала дека истото е законски услов, а не е врз основа на словото на Законот за Судски совет, бидејќи никаде не стои дека доколку нема некој од прилозите наведени во чл. 12 дека треба да се отфрлат пријавите и да не влезат во кандидатските листи таквите кандидати. Затоа во конкретниот случај приговорите на двата кандидати се основани.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека чл. 12 ги содржи точно документите кои кандидатот треба да ги достави за да учествува на оглас. Посочи дека има оглас, кандидатите доставиле документи што сметале дека треба да ги достават и воедно во содржината на огласот стои кои документи треба да се доставаат. Укажа дека за воопшто да биде прифатена нечија кандидатура, за да се разгледуваат документите мора да биде комплетна целата документација. Нагласи дека посочените судии немаат. Истакна дека во однос на кандидатот Љупчо Спироски во чл. 12 не стои дека треба да се достави потврда дали е изречена дисциплинска мерка со намалување на плата или не. Наведе дека не е тоа задолжителен документ кој треба кандидатот да го достави, а е услов за да биде кандидат. Дополни дека тие податоци ги има Судскиот совет и со право Комисијата може да ги бара тие податоци. Укажа дека Комисијата не може да бара податоци за документи што кандидатот сам треба да ги достави. Објасни дека цитирана е одредбата од чл. 12 дека кандидатите кон пријавата доставуваат. Посочи дека кандидатот е тој што доставува, не Комисијата да бара и треба да се доставаат податоците за учество во стручна и професионална едукација. Напомена дека е точно дека не е јасна одредбата - податоци за учество, не се вели за колку години, не вели за минатата година, не вели за цел стаж, меѓутоа се подразбира. Истакна дека не е познато како може судија да не ги достави конкретните податоци кога е напишано во огласот дека треба да се доставаат. Наведе дека тоа е судија, на тој начин суди, на тој начин применува закон. Истакна дека не во ред и суштинско е дека Комисијата е од тројца членови, Комисијата не може да земе за право да стави во листа кандидат со некомплетна документација. Нагласи дека тука е Судскиот совет, ако се одлучи поинаку прифатливо е за сите. Укажа дека повеќе луѓе поинаку размислуваат, можеби поправилно. Потенцира дека Судскиот совет ќе одлучи за нешто што не е со закон разјаснето, а Комисијата од троца членови да стави кандидат без комплетна документација, што би рекле кандидатите што имаат комплетна документација, не е во ред спрема нив.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека во врска со изјавеното од страна на колешката Мери Радевска дека не може Комисијата да ги стави во кандидатска листа кандидатите со некомплетна документација, постави прашање како е отфрлена пријавата на кандидатот Ивица Николовски кога не е точно дека е некомплетна документацијата. Истакна дека Комисијата цени дека се нецелосни и недоволни, а од

законот никаде не произлегува дека Комисијата има законска надлежност да цени дали се податоците целосни и доволни. Не е јасно зошто посочената кандидатура е отфрлена ако тоа е единственото образложение за отфрлање.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека во Комисијата нема дилеми тоа што е ставено и констатирано на записник се стои позади тоа. Укажа дека тоа што пречи е наведеното во приговорите, а и колешката Тања Чачарова Илиевска неколку пати го потенцира е „отфрлање на пријавите“. Посочи да не се прават кардинални грешки, никаде не стои „отфрлање на пријавите“, ниту законот оперира со таква терминологија, ниту во записникот стои. Нагласи дека наводите на колешката Тања Чачарова Илиевска кои се аналогни на тоа што е содржано во приговорите дека Комисијата излегува од рамките на своите надлежности се сосема неточни. Додаде дека надлежностите на Комисијата за утврдување на кандидатски листи е навременоста на пријавите, комплетноста на податоците и документите кои треба да бидат доставени кон кандидатурата и пријавата, таксативно наброени во чл. 12 и на таа основа последно условите предвидени во чл. 11. Дополни дека за кандидатот за кој колешката Тања Чачарова Илиевска посочи дека Судскиот совет сам прибавил податок дека не е изречена забрана, односно дисциплинска мерка и казна за кои податоци располага Судскиот совет се обезбедени од причини што доколку се види претходната работа на Комисиите, за претходните кандидатури за избор на членови на Судскиот совет ќе се види дека по службена должност самата Комисија ги обезбедува конкретните податоци, бидејќи како податоци стојат во Судскиот совет. Од истите причини законодавецот не го ставил во задолжителните документи кои треба да бидат доставени кон кандидатурата.

Прецизира ако се погледне Законот од 2006 година, во чл. 12, ќе се види дека освен во делот каде што е оценки за работењето издадени од Судскиот совет каде што стои во последните 3 години, тука не стои период и се знае дека се однесува на последниот период. Образложи дека во врска со тоа дека не е нагласено за кој период треба да се бара едукација од Академија посочи дека секоја година се добива од Академијата потврда со колку број на часови е учествувано во задолжителни обуки на Академија. Задолжителните обуки за да може да се работи во одредена материја кои се спроведувани преку Академијата, сите модули, литература стручна како да се постапува и работи по новиот ЗКП издадени од 2010, 2012, 2013, 2014 година се основа за пријава на оглас за избор на

член на Судскиот совет од редот на судиите. Изрази дилема кој би ставил потпис на некомплетна документација.

Предочи дека тоа што е констатирано е нотирано и ставено на записник. Бидејќи Судскиот совет е колективно тело затоа законодавецот оставил простор за приговор. Наведе дека ниеден член од Комисијата не се согласи да кандидатурите со некомплетна документација понатаму се разгледуваат во делот на исполнетост на условите и е оставено простор по приговорот Судскиот совет да одлучи. Истакна дека станува збор за прва ситуација со некомплетна документација, меѓутоа не може да се смета дека не може да се впушти, да се цени што мисли законодавецот со одредбата од чл. 12, дали била докажана, донеискажана. Законот е повеќе од чист и повеќе од јасен, а одлуката е на Судскиот совет. Доколку останатите колеги сметаат дека се комплетни и дека не е задолжителен елемент и дека со тоа треба да биде прифатен приговорот се остава Судскиот совет да одлучи. Истакна дека стои на тоа што е констатирано на записник и тоа што Комисијата го утврди, дека станува збор навремена пријава, некомплетни податоци и од истите причини кандидатурите на се прифатени и не се ставени, а не се отфрлени пријавите. Повтори дека пречи терминологијата отфрлени пријави и тоа никаде не стои, нити во законот, нити во записник.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека ставот на Комисијата по однос на тоа што не се евидентирани одредени кандидати, односно двацата претходно наведени кандидати на кандидатските листи е неприфатлив. Укажа дека законот не се толкува, законот се чита и ако нешто пропуштил законодавецот не се тука да се исправа преку толкување. Додаде дека бидејќи како правник е формалист, како што се чита законот нема право Комисијата да не ги прифати кандидатурите, односно да не ги евидентира кандидатите Зоран Герасимовски и Ивица Николовски од причина што Комисијата е должна да констатира дали пријавите на кандидатите се навремени и дали ги исполнуваат условите согласно чл. 11, а тоа не е случај. Посочи дека кандидатурата на судијата Љупчо Спироски е сосема друга ситуација, иако не исполнува еден од условите од чл. 11 кој што е облигаторен да се помине фазата кај Комисијата, Комисијата се впушта сама да бара доказ од непознати причини.

Нагласи дека законодавецот не предвидел казнени одредби, ниту во огласот е наведено што ќе се случи во случај кога кандидатите ги исполнуваат условите од чл. 11, а не ги доставиле доказите предвидени во чл. 12. Дополни дека ќе мора да продолжи

постапката затоа што законодавецот не предвидел, знаел дека податоците може и дополнително да се обезбедат.
Напомена дека во чл. 71 од Статутот на Акадмијата за судии и јавни обвинители децидно е наведено дека потврди за едукација се доставуваат до судиите и јавните обвинители, односно до Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, што значи дали се доставени или не, не е познато, меѓутоа Судскиот совет на годишно ниво е должен да следи дали секој судија ги исполнил часовите на едукација, менторство итн., па врз основа на тоа и да поведе постапка. Колку што е познато до моментот Судскиот совет нема констатирано такво нешто. Дали податоците се ажурирани и тоа не е познато, меѓутоа Академијата согласно наведениот член редовно на крајот на годината ги доставува до Судскиот совет, што значи дека Судскиот совет е имател на информацијата. Ако се наврати по однос на тоа кога Судскиот совет одлучува дали да се отфрлат пријави на кандидати за претседатели на судови, односно судии кои конкурираат за повисоки судови се зазема став за оние податоци што Судскиот совет ги има дека не е причина да се отфрлаат пријавите, ќе се прибават податоците од Судскиот совет. Од тоа произлегува дека и конкретниот податок го има Судскиот совет, не е познато дали е во систем, но законски треба да е. Прецизира дека претераниот формализам не дава за право на некого да му се одбие кандидатура за члена на Судскиот совет. Образложи дека станува збор за сериозна работа и не може да се толкува законот, туку мора да се почитува и применува, а казнена одредба нема. Доколку Комисијата го почитува законот најмалку што се очекува е да бара доуредување, не може да ја отфрли кандидатурата. Зошто се оди со ригорозна мерка да се нанесе штета на некој кандидат и не е сфатливо зошто е толкуван законот на штета на кандидатот, а не во негова полза. Констатира дека како член на Судскиот совет не смее да си дозволи да се гласа да се отфрли приговорот, да не се усвои и да се нанесе штета во ситуација кога законот е на страна на посочените судии.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека Комисијата поаѓа од документите што се доставени и достави записник до Судскиот совет да одлучи по приговорите. Укажа дека очигледно не се разликува што значи чл. 12 и чл. 11. Потенцира да се прави разлика. Чл. 12 регулира што кандидатот е должен да достави кога конкурира. Некои кандидати не доставиле тоа што треба. Чл. 11 се условите кои кандидатот треба да ги исполни. Посочи дека никаде не стои во чл. 12 дека кандидатот треба да достави потврда дека не е изречена мерка. Нагласи дека во однос

на тоа кои услови не се исполнети е јасно, меѓутоа за да се утврди дали некој исполнува услов треба да се доставaт документите што ги бара законот, а не се доставени. Повтори дека Судскиот совет е колективно тело, ќе гласа секој по сопствено убедување. Напомена дека не може да се напаѓа Комисијата, а да не се каже дека кандидатите кои сакаат да дојдат во телото кое е највисоко во однос на судството и одлучува за судбините на судиите не може да доставаат комплетна документација е несериозно.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека кога се повикува на тоа колку се формални или неформални и колку се со селективна или неселективна правда Судскиот совет треба да испорача во јавноста правда, правичност, законитост во работењето и неселективна правда пред се. Укажа дека ако се дискутира дали Комисијата излегува надвор од своите надлежности, јасно е дека првата фаза на испитување на пријавите и кандидатурите е токму надлежноста на Комисијата, а тоа е навременоста, целосноста и исполнување на условите. Посочи дека законот нема да се толкува и нема да се прави Комисија за автентично толкување. Потсети дека од страна на Комисија за рангирање на кандидати по Оглас за избор на претседатели на судови, конкретно за Тетово и Куманово, по оглас објавен во Сл. Весник бр. 266/21 од 01.12.2021 година, Комисијата која врши рангирање утврдила дека двајца кандидати за претседатели на Основен суд Тетово не ги исполнуваат условите затоа што кон Програмата немаат и Акциски план, а пак за Основен суд Куманово единствениот кандидат за претседател исто кон Програмата му недостасува Акциски план за спроведување на конкретна програма. Огласот е поништен, а на другите два кандидати не им е допуштено да продолжат во понатамошна фаза на постапката за избор на претседатели. Напомена дека ако се неселективни и ако се чита по закон не може да се има различни аршини.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека треба да се зборува за конкретниот предмет, ако има аргументи истите да се презентираат. Укажа дека да не се префрла „топката“ кон други предмети кои не се тема на дневниот ред и немаат никаква меѓусебна врска и оттука не може да се прави компаративна анализа. Посочи дека во моментот се дискутира за Извештајот на Комисијата и Приговорите. Нагласи дека споредбите со Акциониот план како задолжителен елемент кон Програмата на идниот претседател на суд немаат никакви допирни точки со конкретниот случај.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и наведе дека Комисијата при изготвувањето на Кандидатските листи, а и Судскиот совет при одлучувањето по приговорите мора да појде од содржината на чл. 11 ст. 1 и чл. 13 ст. 2 од Законот за Судски совет. Имено, според чл. 13 ст. 2 Комисијата е овластена при изготвувањето на Кандидатските листи да утврди дали поднесените кандидатури се навремени и дали се исполнети облигаторните услови предвидени во чл. 11 за секој кандидат, без навлегување дали кон пријавата се поднесени потребните докази предвидени во чл. 12 ст. 2 од Законот за Судски совет како факултативен услов, затоа што во истиот член и став стои доставува, а не мора или треба, на која околност основано се укажува во поднесените приговори.

Укажа дека 13 години како судија на Врховниот суд, на работните спорови се прави разлика од општи и посебни услови кога се одлучува по однос на престаноци. Чл. 11 се од облигаторен карактер, а чл. 12 се од факултативен карактер. Затоа законодавец го употребил терминот доставува, а спротивно е мора да ги исполнува следните услови и се набројуваат. Се согласи со дел од дискусиите на колегите од Комисијата дека судиите коишто конкурираат за членови на Судскиот совет несомнено треба да ги поднесат потребните документи по чл. 12, не затоа што бара чл. 12, туку затоа што е наведено во Одлуката за Огласот, меѓутоа во приговорите основано се укажува дека Комисијата при изготвување на Кандидатските листи, а и во моментот Судскиот совет мора при одлучувањето по приговорите да појде од содржината на чл. 11 ст. 1 и чл. 13 ст. 2 од од Законот за Судски совет. Нагласи дека има двајца судии во Комисијата со долгогодишно искуство и многу јасно стои во Законот, каде чл. 13 упатува само на оценка по однос на навременоста на чл. 11.

За збор се јави членот на Советот **Миљазим Мустафа** и наведе дека не планира да се вклучи во дискусијата, бидејќи својот став го искажал во Комисијата. Укажа дека иако не е судија, член е на Комисијата и член на Судскиот совет со полно право и умее да ги разбере и толкува работите. Посочи дека работите со покажуваат делумно, половично, така како што одговараат, меѓутоа колешката Мери Радевска одлично ја објасни разликата помеѓу чл. 11 и чл. 12. Повтори дека во чл. 13 ст. 2 „Комисијата од навремено доставените кандидатури на кандидатите кои ги исполниле условите од чл. 11 од овој закон изготвува кандидатски листи и ги објавува на веб страницата на Советот“. Нагласи дека не е само оценување на

навременоста, туку и дали ги исполнуваат условите од чл. 11 од Законот за Судски совет. Како ќе се утврди дека некој ги исполнува условите од чл. 11 тоа го објаснува чл. 12 кој што кажува што треба да се достави. Додаде дека не се гледаат факултативни елементи во чл. 12 кога стои дека треба потврда од судиски стаж, треба оценка од резултатите и потврда од Академијата. Истакна за какви факултативни елементи станува збор кога се тоа се условите од чл. 11 објаснети со што треба да се потврдат во чл. 12.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека нејзиното мислење е поинакво од членот на Советот Миљазим Мустафа од причина што децидно се наведени условите во чл. 11, децидно во чл. 12. Укажа дека нема заблуди дека ниту во Законот, нити пак во Огласот стои дека Комисијата доколку се некомплетни кандидатурите ќе ги отфрли. Повторно го наметна прашањето дали Комисијата смета дека порационално, поправично ќе биде ако дозволи дополнителен рок да се даде да се доуредат кандидатурите, а не да се користи најстрогата мерка да не ги евидентира кандидатурите во кандидатските листи. Посочи дека со тоа се одзема правото на можност да се биде избран, а тоа не е мала работа. Напомена дека од таа причина се поделени чл. 11 и чл. 12. Додаде дека во чл. 11 се наведени условите, во чл. 12 се наведени условите, а чл. 13 вели Комисијата утврдува дали се навремени и дали се исполнети условите од чл. 11. Дополни дека од содржината на приговорите и од сите докази доставени двајца кандидати ги имаат сите доставено докази по чл. 11 каде Комисијата била должна само во тој дел да одлучува, а не по чл. 12.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и процедурално изрази дилема дали Комисијата ќе има право на глас во одлучувањето по приговорите. Укажа дека членовите на Комисија кои донеле мериторна одлука по однос на кандидатурата се произнеле со своја одлука по сопствено убедување. Посочи дека во фаза на приговор од кандидатите нема логика да учествуваат колегите членови на Комисијата. Нагласи дека ќе се направи проблем и каква да се донесе одлука тоа ќе биде скандалозно и ќе биде причина за поништување на целата постапка. Напомена дека тоа го нагласува и како правник и како судија и тука е суштината на двостепеноста. Дополни дека по стариот Законот за Судски совет не е предвидена можност за приговор, во новиот е предвиедно. Прецизира дека во Законот не е наведено дали ќе учествува или не

Комисијата во одлучувањето, но побара логички како правници да се размислува.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и појасни дека нема намера да се прави разлика меѓу судии и тие што не се судии, членови на Судскиот совет. Напротив, сите ги почитува како членови на Судскиот совет. Укажа дека се повикува на двете судии затоа што судиите се повикуваат на кандидатите и кандидатските листи дека истите се судии, па а пропо тоа. Посочи дека тоа не е оправдување, тука само едно појаснување, бидејќи не сака да лошо и погрешно да се разбере. Напомена дека се повикани двете судии затоа што во нивните дискусии постојано се осврнуваат на тоа дека кандидатите се обајцата судии и требале да ги поднесат посочените документи. Потенцираше дека се согласува во целост дека неспорно е дека судијата кандидат треба да ги поднесе посочените документи, но не е поентата да се прави разлика помеѓу членови на Судскиот совет од редот на судиите и тие што не се од редот на судии. Констатира дека сите се рамноправни како членови на Судскиот совет.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека по однос на предлогот на колегата Сашко Георгиев го дели истото мислење од причина што тоа е двостепена постапка по приговорите, иако во законот изрично не е наведено дали ќе биде осуетена целата постапка доколку учествуваат членовите на Комисијата. Направи компарација со дисциплински постапки каде Комисијата не носи одлука која ја доставува до Судскиот совет туку доставува Извештај за констатирана состојба и затоа децидно е наведено таму дека учествуваат во тие постапки. Посочи уште еднаш да се размисли, бидејќи преовладува мислењето на колегата Сашко Георгиев дека не може да учествуваат членовите на Комисијата, бидејќи е второстепена постапка. Нагласи дека тоа го говори и праксата на Стразбург. Напомена да не се доведе до ситуација да одлучува некој во втор степен кој што го изразил својот став во прв степен.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека Законот за Судски совет има многу празнини, многу недоречености, можеби и контрадикторности помеѓу одредени одредби. Укажа дека иако правото на приговор само по себе зборува за една постапка која што треба да биде двостепена, сепак законодавецот во конкретниот случај не предвидел да членовите на Комисијата се изземат од одлучување по однос на приговорите,

туку напротив во чл. 13 ст. 5 стои дека Судскиот совет на седница одлучува по приговорите и ги утврдува Кандидатските листи. Посочи дека утврдените Кандидатски листи, Судскиот совет ги доставува до Комисијата за спроведување на избори за членови на Судскиот совет од редот на судиите во рок од 15 дена од завршувањето на огласот. Прецизира дека имајќи ја предвид содржината на законските одредби, законодавецот не предвидел можност да не бидат вклучени членовите на Комисијата во одлучувањето по однос на приговорите, иако е нелогично со оглед на тоа да на тој начин двостепеноста на некој начин се нарушува. Напомена дека не може Судскиот совет да се стави во улога на закондавец и сам да креира нешто што не го предвидел законодавецот.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека според негово убедување и како правник, и како судија тука ќе се направи страшна повреда, иако во законот не е предвидено, но во Уставот е предвидено. Укажа дека во Стразбург тоа е начелно право. Посочи дека ако кандидатите не поминат автоматски имаат причини и се отвара пат за повреда на човеково право. Нагласи дека кандидатите се жалат на одлука на Комисијата, а Комисијата повторно учествува и можеби со еден глас разлика ќе се донесе некаква одлука. Додаде дека во Законот не е предвидено, но Судскиот совет треба да размислуваме за таквите работи и да не се доведат во ситуација да се падне во вода во некое идно време. Дополни дека размислува дури и дали да учествува во таквата постапка ако учествува и Комисијата. Потенцира дека ако нема приговор од колегите, тоа е кончечна одлука - res judicata.

За збор се јави членот на Советот **Миљазим Мустафа** и посочи на компарација со другите Комисии формирани по повод огласи за избор на судии и претседатели на судови и постави реторичко прашање дали членовите на Комисијата за разгледување на документите за оглас за избор на судии и претседатели на судови учествуваат во гласање или не, бидејќи и тие вршат преглед на документите по однос на исполнувањето условите и составуваат кандидатски листи.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека дебатата на колегата Сашко Георгиев ја оценува на следниот начин: de facto е во право, de jure не е во право. Укажа дека никаде во законот нема пречка за да учествува Комисијата во одлучувањето по приговорите. Посочи дека и

компарацијата на колегата Миљазим Мустафа е точна. Нагласи да се стави предлогот колегата Сашко Георгиев на гласање.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека не стои цврсто на став дека Комисијата не треба да учествува, меѓутоа што со последиците. Укажа дека штетата од мнозинството ја поднесува целиот Судски совет, целата држава ја поднесува штетата кога паѓаат одлуките во Стразбург. Посочи дека не спори, ќе се приклучи на мнозинството, меѓутоа да се размисли дали е тоа во ред.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека ако сега се одлучи дека Комисијата која претходно одлучувала и констатирала одредена состојба нема право да гласа на седница на Судскиот совет тоа треба да биде став кој што ќе биде заземен и понатаму. Укажа дека на следната седница ќе се одлучува по приговори за Основен суд Тетово и во тој случај Комисијата која што првостепено одлучи дека не се потполни документите на кандидатите ќе треба да се изземе од гласање. Посочи дека ако сега се исклучи Комисијата од гласање треба во секоја понатамошна ситуација да се исклучува. Нагласи дека предлогот морам да се стави на гласање и понатаму да биде став на Судскиот совет.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека од тоа што е ставено како предлог произлегува дека се оди надвор од рамките на тоа што го дава Законот за Судски совет. Укажа дека со нивните ставови, предлози и гласања не може да ги дерогираат одредбите на Законот за Судски совет. Посочи дека духот на законот е тој и во едни сериозни постапки каде се одлучува по Барање за утврдување на одговорност Комисијата гласа. Истакна дека од друга страна цело време се говори дали законот е доречен, недоречен, има или нема. Напомена дека на Судскиот совет е да го чита и применува Законот. Судскиот совет не носи закон во моментот, не се одлучува дали Законот треба да се дополни или не. Во моментот во употреба е Законот за Судски совет објавен во Сл. Весник бр. 102/2019 и тие се одредбите врз основа на кој Судскиот совет ги носи одлуките. Процесните одредби за постапувањето на Судскиот совет се во Законот за Судски совет. Додаде дека не може да се каже дека во чл. 12 стои дека треба кандидатурата да се врати на дополнување или не. Дополни дека тоа што го има во Законот, тоа е дадено на располагање и се нема

право да се излегува надвор од рамките на тоа што го дава Законот и со нивните ставови да го дерогираат Законот.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека Комисијата објавила и изготвила листи и на нив има приговор од страна на кандидатите што не се рангирани. Укажа дека сепак се работи за втор степен. Посочи дека има закон, меѓутоа има и меѓународно право и Европска конвенција за човекови права, пракса на Стразбург и тие се задолжителни за Судскиот совет и многу е помала штета да не учествува Комисијата во гласањето во конкретниот случај, отколку да учествува. Нагласи дека не треба да се генерализира конкретната постапка и конкретниот случај со другите случаи. За секој случај е поединечно. Напомена дека ако има приговори, ако некој учествувал по мала штета е да не учествува во донесување на одлука, отколку да учествува од аспект на правата на судиите кои поднеле приговор.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека го почитува ставот и одлуката на Комисијата. Тоа е нивно право и нивно убедување. Дали се согласува е сосема друго. Укажа дека во Законот не стои, но Судскиот совет има обврска да ги почитува меѓународни конвенции.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека не мора да се гласа, ќе се согласи со мнозинството, но да се види што е најрационално. Посочи дека генерализирање не е прифатливо, секој случај си е посебен, секоја Комисија си е посебна. Во конкретниот случај мериторна одлука во форма на евиденција на Општа кандидатска листа има и нема дилеми дека нема враќање назад, мериторно е одлучено.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека се согласува со колегата Селим Адеми само кажано со други зборови, de jure има право Комисијата, de facto нема. Посочи дека ако има предлог од член на Судскиот совет истиот мора да се стави на гласање.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и наведе дека кога се поднесува барање за изземање не можат да учествуваат во изземањето подносителите на барањето, ако таков предлог има.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека Комисијата ја завршил својата работа како што налага

Законот. Укажа дека Комисијата го испочитувала Законот, составила записник и го доставила до Судскиот совет. Судскиот совет треба да одлучува. Посочи дека при поставувањето на прашањето дали Комисијата треба да учествува во гласање со тоа Судскиот совет излегува од сите рамки на тоа што го предвидува Законот.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и предложи да се остави на членовите на Комисијата ако сами сметаат да побараат изземање. Укажа дека дека станува збор за некоја чудна ситуација, прво се поставува прашањето дали Комисијата треба да учествува за сопственото отстранување, па потоа дали да може да учествува и во гласањето при одлучување по приговорите.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека доколку некој од членовите на Комисијата сака изземење, ќе побара изземање. Укажа дека никој од членовите на Комисијата не бара изземање, а се настојува да побараат изземање. Посочи дека останува само предлогот на колегата Сашко Георгиев.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот на членот на Советот Сашко Георгиев за изземање на членовите Комисијата од постапката за гласање по однос на приговорите на Зоран Герасимовски и Ивица Николовски го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 3 гласа „За“ и 7 гласа „Против“ предлогот не е усвоен.

Во продолжение, претседателот на Советот Павлина Црвенковска согласно чл. 13 ст. 5 од Законот за Судскиот совет предлогот да се уважи приговорот на Зоран Герасимовски, судија на Апелационен суд Скопје го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и 3 гласа „Против“ предлогот е усвоен и е донесено следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Зоран Герасимоски, судија на Апелациониот суд Скопје под бр.02-1314/26 од 12.08.2022 година изјавен против објавената општа кандидатска листа за кандидат од апелационо подрачје Скопје и управните судови, СЕ УВАЖУВА.

Следно, претседателот на Советот Павлина Црвенковска согласно чл. 13 ст. 5 од Законот за Судскиот совет предлогот да се уважи приговорот на Ивица Николовски, судија на Основен суд Тетово го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 6 гласа „За“ и 4 гласа „Против“ предлогот е усвоен и е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Приговорот на Ивица Николовски, судија на Основниот суд Тетово под бр.02-1314/25 од 12.08.2022 година изјавен против објавената општа кандидатска листа за кандидат од апелационо подрачје Гостивар, СЕ УВАЖУВА.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска согласно чл. 13 ст. 5 од Законот за Судскиот совет констатира дека е утврдена следната кандидатска листа:

1.
ОПШТА ЛИСТА
за кандидат од Врховниот суд на Република Северна Македонија

- Мирјана Радевска Стефкова, судија на Врховниот суд на РСМ

2.
ОПШТА ЛИСТА
за кандидат од апелационо подрачје Скопје и од управните судови

- Зоран Герасимовски,судија на Апелационен суд Скопје

3.
ОПШТА ЛИСТА
за кандидат од апелационо подрачје Гостивар

- Љупчо Спироски,судија на Основен суд Тетово
- Ивица Николовски, судија на Основен суд Тетово

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

## Точка 2

(Разно)

#По повод 2-та точка од дневниот ред членот на Советот Беса Адеми предложи да се расправа околу една појава која се повторува неколку пати, околу претседателот на Врховниот суд, во врска со доставување на покани без материјал за закажаните седници кое што е спротивно на чл. 38 ст. 6 од Законот за Судскиот совет и да се утврди по чиј пропуст се случува тоа. Посочи дека тоа е од причина што за денешната седница до претседателот на Врховниот суд како член на Советот по функција е доставено вчерашниот ден покана со дневен ред, во кој дневен ред пишува под разно прилог материјали за седница. Укажа дека откако од кабинетот на претседателот на Врховниот суд се реагира да се побараат материјалите, а се комуницира со техничкиот секретар на претседателот на Судскиот совет кога ќе бидат доставени материјалите е кажано по телефонски пат дека материјалите за денешната седница нема да се доставaт на претседателот на Врховниот суд со оглед дека на самите материјали пишува од доверлив карактер и дека членовите на Судскиот совет ќе ги добијат на лице место пред самата седница. Појасни дека тогаш се реагира од кабинетот на претседателот на Врховниот суд да се побара тоа на писмено, со писмен допис да биде известен претседателот на Врховниот суд дека за денешната седница нема да се добијат потребните материјали што е спротивно на одредбите од Законот за Судскиот совет. Истакна дека доставувачот/возачот од Судскиот совет пред 15:00 часот ги доставува бараните материјали. Побара да се утврди по чија вина се таквите непотребни нервози, некоректност и непрофесионалност од страна на службите. Побара да се утврди по чија вина на неколку пати досега се случува. Потенцира дека не може да биде исклучена, освен таму каде со закон не може да учествува и расправа.

Во продолжение претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и реплицираше дека освен последниот случај кој се наведува, не се сеќава дека досега не се доставени материјали за седница. Укажа дека за вчерашниот ден членовите на Судскиот совет доцна ги добија материјалите, бидејќи вчерашниот ден е закажана седницата и се прибирани материјалите. Посочи дека кога се закажува итна седница, од денес за утре, има доцнење. Дополни

дека материјалите на министерот за правда се доставени по претседателот на Врховниот суд. Истакна дека единствениот проблем е што денешната седница како итна седница е закажана вчерашниот ден и е потребно да се соберат материјалите и достават до сите.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и реплицираше дека нема ништо против тоа, тоа е оценка на претседателот на Судскиот совет, тој свикува седница, тој организира, тој заседава со седницата. Посочи дека алудира на нешто друго, дека мора на два-три наврати да се реагира од страна на кабинетот на Врховниот суд дека материјали за денешната седница нема да добие претседателот на Врховниот суд. Појасни дека не е во тек што се случува додека не се добиени материјалите. Побара да се утврди по чија вина таквото нешто е кажано и материјалите не се доставени преку електронска пошта, за потоа да дојде возачот/доставувачот откако е изреагирано дека материјалите ги бара претседателот на Врховниот суд на писмено. Укажа дека станува збор за губење на време и дека не може да биде спречена се додека е претседател на Врховниот суд.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и реплицираше дека во старт не прифаќа алузии дека некој има намера некого да спречи.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и реплицираше дека нема да се води истрага, туку најдобронамерно се укажува на Судскиот совет.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и реплицираше дека уверува дека никој никого не спречува да присуствува на било која седница. Истакна дека генерални кавлификации не прифаќа. Посочи дека за вчерашниот ден е објаснето дека доцнат материјалите и за членовите на Судскиот совет, бидејќи вчерашниот ден е закажана седницата за денешниот ден. Се согласи дека забелешката е на место и во иднина ќе се направат напори во истиот момент како ќе се доставaт материјалите до членовите на Судскиот совет, така да се доставaт и до претседателот на Врховниот суд.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и реплицираше да не се разберат погрешно, не се реагира зошто материјалите се доцна доставени, во Врховниот суд се работи до

доцна, поентата е дека претседателот на Врховниот суд нема да ги добие денешните материјалите. Посочи да се прави дистинкција на што се однесува забелешката.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и реплицираше дека станува збор за некое недоразбирање, во меѓупериод некој чекор се случил.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека претседателот на Судскиот совет истакнал дека станува збор за грешка која нема да се повтори, но забелешката не е зошто материјалите доцнат, туку забелешката е зошто некој посочил дека материјалите се доверливи и не може да ги добие претседателот на Врховниот суд. Укажа дека сите доверливи материјали во Судскиот совет мора да ги има претседателот на Врховниот суд и министерот за правда, освен материјалите во врска со изборите и разрешувања на судии, се останато мора да се достави.

Во контекст на достава на материјали, посочи дека како заменик претседател три дена бара сертификатите од кандидатите за избор на член на Судскиот совет да бидат фотокопирани, осум на број, за конечно денешниот ден да се добијат материјалите. Потенцира дека вината не треба да се бара во стручната служба.

За збор се јави членот на Советот **Беса Адеми** и побара да се утврди по чија вина вчераниот настан е случен. Замоли да се утврди. Побара да се дебатира за тоа. Посочи дека и претходно се има случено и е поминато поред тоа. Укажа дека за одредени седници и не се добивани покани. Образложи дека секогаш кога не може да се присуствува на седница на Судскиот совет има оправдување од претседателот на Врховен суд или има претходно закажана Општа седница, кои за судиите на Врховен суд се најсвети, меѓутоа тоа не е случај со вчерашниот ден, дотолку повеќе што претседателот на Врховниот суд поседува безбедносен сертификат по службена должност. Потенцира дека сите материјали што ги поседува Судскиот совет треба да ги поседува и претседателот на Врховниот суд. Повтори дека бара да се утврди по чија вина се случени пропустите.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и замоли во иднина да не се повторува ситуацијата од претходно и ситуацијата од денешната седница да се разбере од веб страната на Судскиот совет во колку часот ќе се одржи седницата. Замоли да се води

сметка, бидејќи сите се исти и да нема селекција помеѓу членовите на Судскиот совет. Додаде дека кога на колегиум се повикуваат членовите на Судскиот совет да не се селектираат, бидејќи сите се исти. Посочи дека не е убаво и на тој начин се нарушува мирот во Судскиот совет и се прави револт. Потенцира дека покана најпрво треба да биде доставена до членовите на Судскиот совет, а потоа да биде објавено на веб страната на Судскиот совет.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека за вчера односно за денес да се има разбирање затоа што седницата е итна, но генерално претседателот на Врховниот суд е еднаков член по закон.

#По повод следната потточка од дневниот ред членот на Советот Миљазим Мустафа информираше по однос на развојот на активносите во рамките на проектот Матра за зголемување на ефикасноста, отчетноста и транспарентноста во Судскиот совет. Посочи дека по однос на проектот на 26-ти август 2022 година се планира да се организира тркалезна маса каде што ќе се презентира и претстави пред актерите од правосудството и пред јавноста планот за антикорупција во судството, изготвен од страна на Работната група во рамките на проектот. Објасни дека има изготвен Акциски план и истиот треба да се презентира. Истакна дека има комплетно изготвена презентација во однос на активностите и побара да се информираат и членовите, бидејќи е добро сите членови на Судскиот совет да присуствуваат на настанот и е добар повод Судскиот совет да се промовира како организатор и да се презентираат активностите и дејствијата што се преземени по однос на борбата против корупцијата во судството.

#По повод следната потточка од дневниот ред заменик претседателот на Советот Селим Адеми предложи Судскиот совет секој вторник да одржува колегиум, а секоја среда да биде ден за работа на Комисиите. Укажа дека тоа преставува стара пракса која се има покажано како ефикасна.

За збор се јави претседателот на Советот **Павлина Црвенковска** и реплицираше дека со предлогот нема ништо спорно.

#По повод следната потточка од дневниот ред членот на Советот Миљазим Мустафа информираше дека согласно чл. 34 ст. 5 од Законот за медијација, Судскиот совет носи посебна Годишна

програма за поддршка на медијацијата. Посочи дека изминува 8-ми месец, а обврската сеуште не е спроведена. Укажа дека е добро да се стапи во контакт со Комората, бидејќи е законска обврска.

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 412-та седница на Советот и дека истата е завршена во 14:15 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Павлина Црвенковска

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева